Бр. 08-731/4
24 07 2023 година

**РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**
**АГЕНЦИЈА ЗА КВАЛИТЕТ ВО ВИСОКОТО ОБРАЗОВАНИЕ**
**ОДБОР ЗА АКРЕДИТАЦИЈА НА ВИСОКОТО ОБРАЗОВАНИЕ**

**REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT**
**AGJENCIA PËR CILËSI NË ARSIMIN E LARTË**
**BORDI PËR AKREDITIM I ARSIMIT TË LARTË**

Врз основа на член 48 став (2) точка 7 и член 227 од Законот за високото образование („Службен весник на Република Македонија“ бр. 82/2018 и Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 178/21 ) и извештајот од стручната комисија бр.08-731/3 од 23.06.2023 година, Одборот за акредитација на високото образование, на 59 -та седница одржана на 31.05.2023 година, донесе

## РЕШЕНИЕ
### за акредитација на ментор на докторски студии

1. Д-р Соња Чаламани, вонреден професор на студиската програма Индустриско инженерство и менаџмент, на Технички факултет - Битола, при Универзитет „Св. Климент Охридски“ Битола, се акредитира за ментор на докторски студии на студиската програма Индустриско инженерство и менаџмент, од трет циклус бр. на акредитација 08-424/4 од 18.03.2021 година.
2. Менторот на докторски студии од точка 1 на ова решение може истовремено да биде ментор на најмногу три докторанти кои кај него ќе се обучуваат за научна работа и за изработка на докторски труд.
3. Ова решение е конечно и влегува во сила со денот на донесувањето.

### Образложение

По донесеното барање 03-317/1 од 23.03.2023 година (наш бр.08 - 731/1 од 28.03.2023 година) за акредитација на ментор на докторски студии на студиска програма Индустриско инженерство и менаџмент, на Технички факултет - Битола, при Универзитет „Св. Климент Охридски“ Битола, за проф. д-р Соња Чаламани.

Одборот за акредитација на високото образование, на 55 - та седницата одржана на 31.03.2023 година, формира стручна комисија за разгледување на барањето за акредитација на ментор на докторски студии, со придружната документација и подготвување на извештај по однос на барањето и документацијата.

Врз основа на позитивната оценка содржана во извештајот на стручната комисија, бр. 08 - 731/3 од 23.06.2023 година, согласно Законот за високо образование* („Службен весник на Република Македонија“ бр.82/18 и Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 178/21) и Правилникот за организацијата, работата, начинот на одлучување, методологијата за акредитација и евалуација, стандардите за акредитација и евалуација, како и други прашања во врска со работата на Одборот за акредитација и евалуација на високото образование („Службен весник на Република Македонија“ бр.151/12), Одборот за акредитација на високото образование, на својата 59 - та седница одржана на 31.05.2023 година, одлучи како во диспозитивот на ова решение.

Претседател
на Одборот за акредитација на високото образование

Проф. д-р Татјана Стојаноска Иванова